МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јуни 2011

БРОЈ 118

## Меѓународна конференција “Граѓански дијалог на локално ниво“

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) **ги поканува сите заинтересирани граѓански организации да учествуваат на конференцијата** што ќе се одржи на 13 јули 2011 година во Скопје, во х. Холидеј ин, во 10 часот.

Конференцијата има за цел да се согледаат регионалните и домашните искуства за соработка меѓу властите и граѓанските организации на локално ниво, и да се предложи модел за поефикасна соработка и одржлив граѓански сектор на локално ниво. Вклучени партнери во проектот се Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС и општините Битола, Дебар и Јегуновце.

Пред присутните ќе бидат презентирани наодите од компаративна анализа за соработка на властите со граѓанските организации на локално ниво која опфаќа преглед од неколку земји од Европа и регионот како: Велика Британија, Унгарија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. На конференцијата ќе има и дваесетина учесници од локалните власти и граѓански организации од Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Албанија и Косово.

Исто така, ќе бидат согледани и домашните трендови за што е подготвен преглед на законската рамка и практиките за соработка на единиците на локалната самоуправа со граѓанските организации.

Конференцијата е дел проектот “Граѓански дијалог на локално ниво” кој е поддржан од Делегацијата на ЕУ во Скопје од ЕИДХР.

Цел на проектот е зголемено влијание на граѓанските организации во креирање на политиките на локално ниво.

Се заинтересирани граѓански организации учеството да го потврдат кај Марија Саздевски, од МЦМС, на тел: 02/3088-983 или на е-маил msz@mcms.org.mk.



## Запознавање на државните службеници со Законот за здруженија и фондации

МЦМС на 18 и 19 мај 2011 г. во Маврово одржа обука за спроведување на Законот за здруженија и фондации. На обуката учествуваа 16 службеници на државната управа – претставници на министерствата, Одделението за соработка со НВО и општините.

Учесниците се стекнаа со знаења од областа на слободата на здружување согласно меѓународните акти, потоа општата законска и судска рамка во Македонија. Поголем дел од обуката беше посветен на детална презентација, расправа и работа во групи за Законот. Тие беа информирани и за новините предвидени во законот што се од суштинско значење за остварувањето на слободата на здружување. Исто така беа презентирани и можностите за одрживост на граѓанскиот сектор кој ги нуди овој Закон. Државните службеници беа запознаени и со активностите кои што во иднина може да произлезат како обврска за министерствата и другите органи на државната управа.

На крајот учесниците беа запознаени со состојбата на граѓанското општество во Македонија преку презентација и расправа на наодите, заклучоците и препораките од Цивикус – Индексот на граѓанското општество во Македонија. Обуката ја испорача Емина Нурединоска.



*од работата во групи на обуката*

## Како соработуваат општините и граѓанските организации

МЦМС почна со подготовка на Прегледот на законските основи и практиката на вклучување во одлучувањето, како и на соработката на локално ниво во Република Македонија. Прегледот ќе ги содржи постојните законски можности, а ќе биде направена и анализа и на досегашната пракса на соработката на граѓанските организации и општините. Ова треба да биде основата за воспоставување модел на соработка на локално ниво, меѓу граѓанските организации и општините.

Повеќе информации за практиките на вклучувањето во одлучувањето ќе бидат добиени благодарение на прашалниците што ќе ги одговорат општините и граѓанските организации.




Прашалникот е поделен во четири целини: Механизми/институции за соработка; Стратешки документи; Практики; и Финансирање на граѓанските организации од страна на општините. Преку нив ќе се согледа дали постои и каква е институционалната основа за соработка помеѓу општините и граѓанските организации, дали таа е проследена со соодветни стратешки документи, дали соодветна финансиска поддршка е рефлектирана преку буџетот на општината и каква е соработката.

Прашалникот е испратен до 25 општини водејќи сметка за регионална, етничка и рурална/урбана застапеност.

Прегледот ќе биде и основа за дискусија на регионална конференција што ќе се одржи во текот на јули 2011 година.

Активностите се дел од проектот Граѓански дијалог на локално ниво, поддржан од Делегацијата на ЕУ во Скопје.

## Почна постапката за избор на нов Одбор на директори на МЦМС

МЦМС го објави конкурсот за избор на нов Одборот на директори (ОнД), откако заврши мандатот на ОнД во состав Сашо Клековски, прв извршен директор и Александар Кржаловски, извршен директор.

Управниот одбор на седницата одржана на 9 јуни 2011 година ја прифати Информацијата за избор на ОнД, донесе Решение за Номинациски комитет за избор на нов ОнД, и Решение за именување на вршители на должност ОнД.

За вршители на должност со изборот на ОнД, се именувани Александар Кржаловски, в.д. прв извршен директор, и Димче Митрески, в.д. извршен директор.

## Граѓанските практики повторно во рацете на читателите

МЦМС издаде два броја од Граѓански практики. Со ова се обнови издавањето по речиси осум години пауза. Граѓански практики и тогаш и сега имаат цел да им понудат на читателите продлабочено гледање на граѓанското општество во Македонија. Приказите кои се дел од овие Граѓански практики се направени за потребите на најсеопфатното истражување на граѓанското општество Цивикус – Индекс на граѓанското општество.

Во 12-то издание се третираат теми поврзани со Граѓанскиот ангажман. Вкупно осум автори истражуваа пет теми поврзани со граѓанскиот ангажман. Во 13-то издание на публикацијата Граѓански практики се опфатени теми поврзани со влијанието на граѓанските организации и околината во која дејствуваат. Во овој број се појавуваат пет автори. Авторите на приказите користеа повеќе истражувачки методи: анкети, интервјуа, анализа на литература и сл. Постапката на избор на автори се одвиваше преку јавено глас објавен во печатените медиуми.





## Состанок за вмрежување и партнерство

Во текот на месец јуни се одржаа два состанока за вмрежување и партнерство за граѓанските организации вклучени во проектот „Прекуграничен форум на граѓански организации". На двата состанока учествуваа претставници од седум граѓански организации. Првата средба се одржа во Дебар, додека втората во Гостивар.

На самата средба беше презентиран проектот, како и наодите од Цивикус – Индекс на граѓанското општество, за состојбите на граѓанското општество во Македонија. Учесниците разговараа за можностите и предизвиците на ИПА – прекугранична соработка и за одржливиот развој во југозападниот и полошкиот регион.

Проектот е спроведен во партнерство на МЦМС, ИДМ од Албанија и ЕД „Дешат" од Дебар, а финансиран од ЕУ.

# Истражување за меѓуетничките односи во Македонија

МЦМС спроведува сеопфатна студија за Охридскиот рамковен договор. Дел од таа студија е истражувањето на меѓуетничките односи во Македонија. Во јуни МЦМС го објави наодите и заклучоците од деловите за историските односи и стравови, предрасуди и стереотипи и за свесност за културата и споделена гордост.

Постои релативна споделеност на ставовите за историските односи меѓу мнозинските етнички Македонци и немнозинските заедници, вклучувајќи за постоење на подредена положба на немнозинските заедници пред 2001 г. и за тешки периоди во меѓусебните односи, како и за потребата од простување. Но постојат етнички разлики во перципираните причини, посебно за подредената положба на немнозинските заедници и за вооружениот конфликт во 2001 г.

Постои урамнотеженост во ставовите дека постоела подредена положба на немнозинските заедници пред 2001 г. (39,8 %) и дека не постоела (44,6 %). Скоро секој втор етнички Македонец (50,1 %) мисли дека не постоела подредена положба на етничките заедници, со што не се согласува, односно мисли дека постоела подредена положба скоро секој втор етнички Албанец (46,4 %). Мнозинството граѓани (74,1 %) смета дека постоел период во кој немнозинските заедници имале непријателски/сепаратистички став. Најмногу граѓани како период со непријателски/сепаратистички став на немнозинските заедници ја посочуваат 2001 г. (56,5 %), што е споделен став кај сите етнички заедници.



Различни ставови за 2001 г. - дали правата можеле да се постигнат по мирен пат и кои се причините за вооружениот конфликт. Дека правата можеле да се постигнат по мирен пат смета скоро секој трет етнички Македонец и Албанец, повеќето граѓани од друга етничка припадност и 65 % од јавните/информираните личности. Додека за 52,6 % етнички Албанци конфликтот е оправдана борба за човекови права, за збирно 53,3 % од етничките Македонци конфликтот е меѓународен заговор против Македонија (20,0 %), етносепаратистичка борба (16,9 %) и агресија од Косово (16,4 %). Јавните/информираните личности не веруваат во меѓународен заговор против Македонија.

Мнозинство граѓани е за простување и заборавање на минатото, а малцинство се против тоа. Ставовите не се разликуваат по етнички заедници.

Мнозинството граѓани и етнички Македонци имаат одредени негативни перцепции (стравови, предрасуди) за немнозинските заедници, а наспроти 31,8 % граѓани, односно 21,0 % етнички Македонци кои сметаат дека немнозинските заедници не се закана за државата и општеството. Урамнотежен е односот на граѓаните кои имаат одредени негативни перцепции (стравови, предрасуди) за мнозинската заедница (45,6 %) и граѓаните кои сметаат дека може да им се верува на етничките Македонци (41,5 %). Од друга страна 86,2 % од етничките Албанци имаат негативни перцепции за мнозинството и за државата.

Етничките Албанци се со перципирана натпросечна успешност, Власите со просечна, а Ромите со потпросечна успешност во бизнисот, политиката и културата. Натпросечна успешност е македонската перцепција за етничките Албанци, додека етничките Албанци имаат самоперцепција за потпросечна успешност.

За големо мнозинство од граѓаните е важно познавањето на историјата и културата на другите етнички заедници. Граѓаните најмногу знаат за историјата и културата на етничките Македонци и за етничките Албанци, а најмалку за културата на етничките Бошњаци.

Последните пет години најмногу е подобрена почитта кон културата на етничките Албанци, е став на 44,6 % граѓани. Граѓаните се поделени во однос на потребата од нови заеднички вредности и практики, надвор од сопствените вредности и традиции.

Мајка Тереза (78 %), Борис Трајковски (68,4 %), Александар Велики (46,8 %) и Питу Гули (48,1 %) се заеднички личности. Гоце Делчев и Никола Карев се најмалку прифатливи заеднички личности за етничките Албанци и за Турците. Скендер бег е прифатлив за заедничка личност за приближно малцинство на етнички Македонци и на етнички Албанци.

Независноста на Македонија во 1991 г. и натпревар на македонската фудбалска репрезентација најмногу се доживуваат како заеднички настани од граѓаните од сите етнички припадности. Значајно е дека и Охридскиот рамковен договор се доживува како заеднички настан од граѓаните од сите етнички припадности. Илинденското востание и АСНОМ се доживуваат како заеднички настани од граѓаните од сите етнички припадности, со исклучок на етничките Албанци и на Турците.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета во мај 2011 г. на национален репрезентативен примерок од 2.087 испитаници и онлајн анкета со информирани јавни личности во Република Македонија. МЦМС му ја довери тернската анкета на Институтот за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС).

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk